Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈП Водовод и канализација - Скопје**, за интервенција на зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 1 (едно) дрво (орев) кое се наоѓа **на ул. "Фуштанска" бр.116 Б – Скопје.**
2.Сечењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило".
4. Се обврзува ЈП Паркови и зеленило, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 1 (едно) соодветно дрво, постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 метри од исечените стебла.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЈП Водовод и канализација - Скопје, ул. "Лазар Личеноски" бр.9,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/20** од **16.01.2024** година, за сечење на дрво што се наоѓа на **ул. "Фуштанска" бр.116 Б – Скопје.** Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и изврши непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвото предмет на барањето се наоѓа над водоводна инсталација и истото го попречува санирањето на настанатиот дефект на ул. „Фуштанска" бр.116 Б.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење ( кроење е вид на кастрење при што се прават напори зеленилото да добие естетска форма ) на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвото се наоѓа на водоводна линија и потребно е да се отстрани заради поправка на настанат дефект и при тоа е одлучено наместо отстранетото дрво да се засади нова садница на парцела кадешто е извршено отстранувањето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 метри од исеченото стебло.

Па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/20/2**
**18.01.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје и Архива

изготвил:

**Александра Гочевска**
______________________

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**
______________________
Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , а во врска со барањето на ЈП „Водовод и канализација“ – Скопје, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр 14-6/20/2 од 18.01.2024 год. донесено од градоначалникот на Град Скопје.
2.Решението бр.14-6/20/2 од 18.01.2024 год. донесено од градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барањето на ЈП „Водовод и канализација“ - Скопје овој орган има донесено решение со кое се дозволува сечење на 1 дрво (орев), кое се наоѓа на ул. „Фуштанска“ бр.116 Б – Скопје.
Во барањето е наведено дека постои потреба од итна интервенција врз предметното зеленило бидејќи постои потреба од санирање на водоводен дефект.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека со реализација на решението значително ќе се овозможи убрзување на отстранување на водоводниот дефект, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот,

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-6/20/3**
**18.01.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изготвил
**Александра Гочевска**

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор

**Зоран Лапевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT